| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Воздушен сообраќај |
| **Содржина на денот** | Лета, лета , авион |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики .Правилно миење на рацете и оддржување на растојание во пошироката околина. |
| **Активност** | Најпрво разговарајте со детето за копнениот, воздушниот и водениот сообраќај, со тоа што акцент ќе ставите на воздушниот сообраќај. Именувајте ги и опишувјте ги воздушните сообраќајни средства (авион, хелихоптер, палаглајдер итн). Можете да се послужите со видео записи на инетрент или пак да користите детска енцилкопедија.<br>Во прилог следува песна која е доста певлива и ја опишува желбата на едно дете кое сакако да биде пилот.Песната е насловена како „Боинг 737“, во изведба на Бодан Димишковски од фестивалот „Супер Ѕвезда“-2008.<br>https://youtu.be/Ua85jwLM-3g<br>Пред да слушате било која песна, треба да му ги обасните зборовите на детето кои му се непознати (пр:пилот, Боинг 737, милион километри, патници и други).<br>Потоа слушајте ја песната неколку пати. За полесно учење на песната можете да ја слушате и дел по дел. Детето неможе да ја запамти целата песна одеднаш, тоа може да биде после неколку дена слушање и потпевнување.<br>Исто така добро е да ја раскажете содржината на песната, со поставување на прашања за содржината на самата песна.<br>Откако ќе ја слушате и обработите песната, можете да му дадете на детето дрвени боици или темперни во зависност од неговиот интерес и да нацрта или наслика дел од песната (авион, пилот итн).<br>Доколку детето има интерес за работа со пластелин или тесто, можете да му дадете да обликува авион.<br>Можете да смислите и некои движења за песната и заедно да танцувате. |